Слично како и во претходната анкета, направена во средината на март 2019 година, Стево Пенда-ровски, кандидатот на СДСМ и ДУИ, е во благо водство (27,2%) пред Гордана Сиљановска Давко-ва, кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ (23,5%), односно разликата е 3,7 процентни поени. Со ова се потврдува ставот дека се работи за изедначена трка, иако Пендаровски во меѓувреме го зголемил водството од 2,6 на 3,7 процентни поени. Ова го покажаа [резултатите од истражувањето] направено од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија „Социетас цивилис“ (ИДСЦС) Скопје на барање на Телевизија Телма. Поддршката за Блерим Река, кандидат на Алијансата за Албанците и на Беса е 11,0% од испитаниците што е речиси идентична со таа од претходната анкета.




Гордана Сиљановска-Давкова има поголема поддршка кај е етничките Македонците (32,6%) за разлика од Стево Пендаровски (28,6%). Пендаровски пак има поголема поддршка кај етничките Албанци (20,5%) отколку Сиљановска-Давкова (0,4%). Поддршката за Пендаровски кај етничките Албанци е поголема за 5,3 пп во однос на претходната анкета. Најголем дел од етничките Албанци одговориле дека ќе гласаат за кандидатот Блерим Река (41,6%).

И во оваа анкета, како и во претходната, мнозинство од испитаниците (68,1%) рекле дека ќе излезат, а нешто помалку од една четвртина (22,5%) рекле дека нема да излезат на изборите. Меѓутоа, прашани да кажат колкава е веројатноста да излезат на избори на скала од еден до 10, процентот на оние кои сигурно ќе излезат паѓа на 41,8%, а речиси секој петти (18,3%) сигурно нема да гласа. Споредено со претходната анкета, пораснал процентот на оние што сигурно ќе излезат на избори од 37,2% на сегашните 41,8%, а малку се намалил процентот на оние кои сигурно нема да излезат на изборите од претходните 20,4% на сегашните 18,3%. Од искуствата со поранешни анкети, сигурни гласачи се оние што одговориле со 10, а во зависност од други фактори – може да се смета и на половина или на сите што одговориле со 9.

Големо мнозинство од етничките Македонци (71,0%) и мнозинство од етничките Албанци (63,3%) одговориле дека ќе излезат на гласање. Сепак, изјавите за излезност на гласање треба да се земат со голема резерва, бидејќи праксата покажува дека реалната излезност е доста помала од онаа што се декларира при вакви анкети.

За Телевизија Телма, анкетата ја спроведоа МЦМС и ИДСЦС. Податоците беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 7 до 11 април 2019 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 967 испитаници.

**Претседателски избори 2019 - Ставови на јавноста - втора анкета**